International Labour Organization

Документ на Меѓународната организација на трудот (МОТ)

# КОВИД-19 и светот на работата: влијанија и мерки

**18 март 2020 г.**

**Овој документ ја содржи прелиминарната процена на МОТ во врска со можните влијанија на КОВИД-19 врз светот на работата и предлага низа опции за политики со цел ублажување на овие влијанија и олеснување на интензивното и брзо закрепнување. Ќе го ажурираме овој документ како што ќе стануваат достапни нови податоци и информации во оваа ситуација со брз развој.**

# 1. Моментална состојба: Зошто се важни пазарите на трудот?

**Пандемијата на КОВИД-19, во која веќе се заразени речиси 170.000 луѓе во 148 земји, што резултираше со повеќе од 6.500 смртни случаи,[1] има потенцијал да зафати голем дел од глобалното население.** Според некои процени, би можело да се зарази 40-70% од светското население.[2]

**Кризата веќе се претвори во шок врз економијата и пазарите на трудот, при што влијае не само на понудата (производство на стоки и услуги), туку и на побарувачката (потрошувачка и инвестиции).** Прекините во производството, првично во Азија, сега стасаа до синџирите на снабдување низ целиот свет. Сите компании, без оглед на големината, се соочуваат со сериозни предизвици, особено оние во воздухопловната, туристичката и угостителската индустрија, со реална закана од значителен пад на приходите, несолвентност и загуба на работни места во одредени сектори. Одржувањето на деловното работење ќе биде особено тешко за малите и средните претпријатија (МСП). По забраните за патувања, затворањето на границите и карантинските мерки, многу работници не можат да стасаат до своето работно место или да ја вршат својата работа, што има домино-ефект врз приходите, особено за неформалните и привремените работници. Потрошувачите во многу економии не се во можност или не сакаат да купуваат стоки и услуги. Со оглед на сегашната ситуација на неизвесност и страв, претпријатијата веројатно ќе ги одложат инвестициите, набавките на стоки и ангажирањето работници.

**Перспективите на економијата и квантитетот и квалитетот на вработеноста забрзано се влошуваат.** Иако најновите прогнози значително се разликуваат, и во голема мера ја потценуваат ситуацијата, тие сите укажуваат на значително негативно влијание врз глобалната економија, барем во првата половина на 2020 година.[3] Овие загрижувачки бројки сè повеќе навестуваат глобална економска рецесија.

**Потребни се брзи и координирани мерки на политиките на национално и глобално ниво, со силно мултилатерално лидерство, за да се ограничат директните влијанија на КОВИД-19 врз здравјето на работниците и нивните семејства, а истовремено и да се ублажат индиректните економски последици на глобално ниво.** Заштитата на работниците и нивните семејства од ризикот од заразување треба да биде главен приоритет. Мерките од страната на побарувачката за заштита на оние што се соочуваат со загуби на приходи поради заразеност или намалена економска активност се клучни за стимулирање на економијата. Заштитата на приходите, исто така, доведува до помала обесхрабреност кај работниците да пријавуваат потенцијално заразување, особено кај работниците со ниски приходи и групите работници што веќе се во неповолна положба.

[1] Бројки од 16 март; Johns Hopkins University Center for Systems Science Engineering Dashboard, https://gisanddata.maps.arcgis.com/apps/opsdashboard/index.html#/bda7594740fd40299423467b48e9ecf6

[2] Baldwin, R. and B.W. Di Mauro 2020. Economics in the Time of Covid-19. CEPR. https://voxeu.org/content/economics-time-covid-19

[3] За пример видете UNCTAD, https://unctad.org/en/pages/PressRelease.aspx?OriginalVersionID=548

**Потребни се и подлабоки институционални реформи и реформи на политиките** за зајакнување на закрепнувањето предводено од побарувачката и градење отпорност преку силни и универзални системи за социјална заштита што можат да дејствуваат како автоматски економски и социјални стабилизатори во услови на кризи. Ова, исто така, ќе придонесе за обновување на довербата во институциите и владите.

**Трипартитниот социјален дијалог меѓу владите и организациите на работниците и работодавачите претставува клучна алатка за развивање и спроведување одржливи решенија, од ниво на заедница до глобално ниво.** За ова се потребни силни, независни и демократски организации како социјални партнери.

Големата рецесија и другите кризи покажаа дека можеме да го спречиме ризикот од запаѓање во маѓепсан круг во надолна линија единствено со помош на опсежни, координирани и решителни мерки на политиките.

# 2. Влијанија: Како КОВИД-19 ќе влијае врз светот на работата?

**КОВИД-19 ќе има далекусежни влијанија врз исходите на пазарите на трудот.** Покрај акутните проблеми поврзани со здравјето на работниците и нивните семејства, вирусот и последователните економски шокови ќе влијаат врз светот на работата во три клучни димензии: 1) Квантитетот на работните места (и невработеноста и недоволната ангажираност); 2) Квалитетот на работата (на пример, платите и пристапот до социјална заштита); и 3) Ефектите врз конкретни групи што се поранливи на неповолни исходи на пазарите на трудот.

## Влијание врз глобалната невработеност и недоволна ангажираност

**Првичните процени на МОТ укажуваат на значителен пораст на невработеноста и недоволната ангажираност како резултат на вирусот.** Врз основа на различни сценарија за влијанието на КОВИД-19 врз глобалниот раст на БДП (видете го Прилог I), прелиминарните процени на МОТ укажуваат на пораст на глобалната невработеност помеѓу 5,3 милиони („ниско“ сценарио) и 24,7 милиони („високо“ сценарио) од основното ниво од 188 милиони во 2019 година. „Средното“ сценарио укажува на зголемување од 13 милиони (7,4 милиони во земјите со високи приходи). Иако овие процени и натаму се многу неизвесни, сите бројки укажуваат на значителен пораст на глобалната невработеност. За споредба, глобалната финансиска криза од 2008-9 година ја зголеми невработеноста за 22 милиони.

**Слика 1: Влијание на намалениот глобален раст врз невработеноста врз основа на три сценарија, на светско ниво и според групи на приходи (милиони)**




***Забелешка:*** *Сликата го прикажува проценетото влијание врз невработеноста врз основа на три сценарија за раст на БДП симулирани од Мекибин и Фернандо (2020). Границите на грешка го претставуваат опсегот на неизвесност што произлегува од моделот за проекција на невработеноста, при што се зема сценариото за раст на БДП како што е дадено.*

**Недоволната ангажираност, исто така, се очекува да се зголеми во голем обем.** Како што беше забележано во претходните кризи, шокот врз побарувачката на работна сила веројатно ќе се претвори во значителни надолни прилагодувања на платите и работното време. Иако самовработувањето обично не реагира на економските падови, тоа делува како „стандардна“ опција за опстанок или зачувување на приходот, и тоа честопати во неформалната економија. Поради оваа причина, неформалното вработување има тенденција да се зголемува за време на кризи. Сепак, моменталните ограничувања на движењето на луѓето и стоките може да го ограничат овој вид механизам за справување.

**Падот на економската активност и ограничувањата на движењата на луѓето влијаат и врз производството и врз услугите.** Најновите податоци покажуваат дека вкупната додадена вредност на индустриските претпријатија во Кина се намалила за 13,5% во текот на првите два месеци од 2020 година.[4] Нарушени се глобалните и регионалните синџири на снабдување. Особено ранливи се услужниот сектор, туризмот, патувањето и трговијата на мало. Првичната процена на Светскиот совет за патувања и туризам предвидува пад на меѓународните пристигнувања до 25% во 2020 година, со што милиони работни места би се изложиле на ризик.

[4] **Државно биро за статистика на Кина, http://www.stats.gov.cn/english/PressRelease/202003/t20200316_1732244.html**

## Последици врз приходите на работната сила и сиромаштијата кај вработените

**Снабдувањето со работна сила опаѓа како резултат на карантинските мерки и падот на економската активност.** Во овој момент, прелиминарната процена (до 10 март) укажува на тоа дека заразените работници веќе изгубиле речиси **30.000 работни месеци**, од што произлегува и загуба на приходите (за незаштитените работници). **Влијанијата врз вработеноста подразбираат големи загуби на приходите на работниците.** Вкупните загуби на приходите на работната сила се очекува да се движат од **860 до 3.440 милијарди УСД**. Загубата на приходите на работната сила ќе доведат до помала потрошувачка на стоки и услуги, што е штетно за **континуитетот на деловното работење** и за обезбедувањето на отпорноста на економиите.

**Табела 1: Проценет пад на приходите на работната сила и зголемување на екстремната и умерената сиромаштија кај вработените (<3,20 УСД на ден, ПКМ), 2020 година**

| Група на приходи | Ниски | Средни | Високи |
|---|---|---|---|
| Приход на работната сила (милијарди УСД) | -860 | -1.720 | -3.440 |
| Екстремна и умерена сиромаштија кај вработените (милиони) | | | |
| На глобално ниво | 8,8 | 20,1 | 35,0 |
| Ниски приходи | 1,2 | 2,9 | 5,0 |
| Ниски средни приходи | 3,7 | 8,5 | 14,8 |
| Високи средни приходи | 3,6 | 8,3 | 14,5 |

***Забелешка:*** *Процените за сиромаштијата кај вработените се однесуваат на прагот на апсолутна сиромаштија (под 3,20 УСД, ПКМ) за 138 земји со ниски и средни приходи. Оваа анализа ги исклучува потенцијалните влијанија врз сиромаштијата кај вработените во земјите со високи приходи.*

**Сиромаштијата кај вработените, исто така, веројатно значително ќе се зголеми.** Штетата врз приходите како резултат на падот на економската активност ќе претставува шок за работниците што се близу или под прагот на сиромаштија. Влијанијата на вирусот врз порастот на невработеноста користени за процените погоре укажуваат на дополнителни 8,8 милиони вработени во сиромаштија ширум светот од првично проценетите (т.е. вкупен пад од 5,2 милиони сиромашни вработени лица во 2020 година споредено со пад од 14 милиони проценети пред КОВИД-19). Според средното и високото сценарио, ќе има помеѓу 20,1 милиони и 35,0 милиони повеќе луѓе што работат во сиромаштија отколку проценетите за 2020 година пред КОВИД-19.[5]

[5] Овие процени се неизвесни бидејќи останува нејасно како ќе бидат засегнати земјите со ниски и средни приходи. Доколку вирусот влијае врз овие економии во иста мера, влијанието врз сиромаштијата кај вработените ќе биде многу поголемо.

## Кој е особено ранлив?

**Епидемијата и економските кризи можат да имаат несразмерно влијание врз одредени сегменти на населението, што може да предизвика зголемување на нееднаквоста.**[6] Врз основа на досегашното искуство и тековните информации за пандемијата на КОВИД-19 и сознанијата од претходните кризи, може да се идентификуваат неколку групи:

- Лицата со веќе постоечки медицински состојби и постарите лица се најизложени на ризик да развијат сериозни здравствени проблеми.
- Младите лица, кои веќе се соочуваат со повисоки стапки на невработеност и недоволна вработеност, се почувствителни на опаѓањето на побарувачката на работна сила, како што беше забележано за време на глобалната финансиска криза. Повозрасните работници се, исто така, подложни на економски последици. По појавата на МЕРС, се покажа дека постои поголема веројатност повозрасните работници да се соочат со повисоки стапки на невработеност и недоволна вработеност, како и намалено работно време, во споредба со лицата на најпродуктивна возраст.[7]
- Жените се повеќе застапени во повеќе погодени сектори (како што е услужниот сектор) или во занимањата што се во првите редови за справување со пандемијата (на пример, медицински сестри). Според процените на МОТ, 58,6% од вработените жени работат во услужниот сектор ширум светот, наспроти 45,4% од мажите. Жените, исто така, имаат помалку пристап до социјална заштита и ќе сносат несразмерен товар во економијата на грижа, во случај на затворање на училиштата или системите за грижа (МОТ, 2018).[8]
- Незаштитените работници, вклучително и самовработените, привремените и хонорарните работници, веројатно ќе бидат несразмерно погодени од вирусот бидејќи немаат пристап до механизми за платено отсуство или боледување, а се и помалку заштитени со конвенционалните механизми за социјална заштита и други форми на нивелирање на приходите.
- Работниците мигранти се особено чувствителни на влијанието на кризата на КОВИД-19, која ќе им ја ограничи и можноста за пристап до работните места во земјата одредиште и враќањето кај своите семејства.

[6] Како пример видете го Lee, A. and J. Cho 2016. The impact of epidemics on labor market: identifying victims of the Middle East Respiratory Syndrome in the Korean labour market. Int J Equity Health. 2016; 15: 196.

[7] Lee and Cho 2016 (ibid).

[8] МОТ (2018) Работа на грижа и работни места на грижа за иднината на пристојната работа. МОТ, Женева.

# 3. Мерки: кои се клучните политики што ќе ги ублажат влијанијата на КОВИД-19 врз светот на работата?

**Во време на криза, Меѓународните стандарди на трудот обезбедуваат силна основа за спроведување мерки на клучните политики што се фокусираат на суштинската улога на пристојната работа за постигнување одржливо и правично закрепнување.** Овие стандарди, усвоени од претставници на владите, организациите на работниците и работодавачите, обезбедуваат пристап кон растот и развојот фокусиран на човекот, вклучително и со активирање механизми на политиките што ја стимулираат побарувачката и ги штитат работниците и претпријатијата.[9]

**Мерките на политиките треба да се фокусираат на две непосредни цели: мерки за здравствена заштита и економска поддршка и на страната на побарувачката и на понудата.**

- Прво, работниците и работодавачите и нивните семејства треба да бидат заштитени од здравствените ризици на КОВИД-19. Треба да се воведат и зајакнат заштитни мерки на работното место и во рамките на заедниците, за што е потребна голема јавна поддршка и инвестирање.
- Второ, треба да се преземат навремени, опсежни и координирани напори во политиките за да се обезбеди поддршка за вработеноста и приходите и да се стимулира економијата и побарувачката на работна сила. Овие мерки не само што ги штитат претпријатијата и работниците од непосредни загуби на работните места и приходите, туку и помагаат да се спречат шокови во синџирот на снабдување (на пример, загуби во производните капацитети на работниците) и шокови во побарувачката (на пример, инхибирање на потрошувачката кај работниците и нивните семејства) што може да доведе до до продолжена економска рецесија.

**Неопходни се проактивни, опсежни и интегрирани мерки во сите области на политиките со цел да се извршат силни и долготрајни влијанија.** Со оглед на тоа што кризата брзо се развива, од клучно значење е внимателно да се следат директните и индиректните ефекти од сите интервенции за да се осигури дека мерките на политиките се, но и ќе останат релевантни.

**Градењето сигурност преку доверба и дијалог е клучно за делотворноста на мерките на политиките.** Особено во време на зголемена социјална напнатост и недостиг на доверба во институциите, зајакнатата почит и верба во механизмите за социјален дијалог создава силна основа за зајакнување на заложбата на работодавачите и работниците за заедничко делување со владите. Од клучно значење е и социјалниот дијалог на ниво на претпријатие.

---

[9] **Клучните лекции од претходните кризи, вклучително со ГФС и САРС/МЕРС, се прикажани во Прилог II.**

## Рамка за политики: Три клучни столбови во борбата против КОВИД-19 врз основа на Меѓународните стандарди за трудот

| Заштита на работниците на работното место | Стимулирање на економијата и побарувачката на работна сила | Поддршка за вработување и приходите |
|---|---|---|
| Зајакнување на мерките за БЗР | Активна фискална политика | Проширување на социјалната заштита |
| Приспособување на работните аранжмани (на пример, работа од далечина) | Приспособлива монетарна политика | Задржување на вработувањето работа со скратено време, платено отсуство, и други субвенции |
| Спречување на дискриминација и и исклучување | Заеми и финансиска поддршка на одредени сектори, вклучувајќи го здравствениот сектор | Финансиско/даночно ослободување за ММСП |
| Обезбедување пристап до здравството за сите | | |
| Проширување на пристапот до платено отсуство | | |

**Заштита на работниците на работното место** за директното влијание на коронавирусот да се сведе на минимум, во согланост со препораките и насоките на СЗО[10]

- Подобрување на мерките за БЗР, вклучувајќи социјално дистанцирање, обезбедување заштитна опрема (особено за здравствените работници и сродните професии, волонтери и други лица што се во постојан контакт со луѓе), хигиенски процедури и форми на организирање на работата (поддржано со информативни кампањи и кампањи за подигнување на свеста), и преку социјален дијалог меѓу работодавачите и работниците и нивните претставници, преку користење на, на пример, комитети за БЗР;
- Поттикнување соодветни флексибилни аранжмани за работење, на пример, работење од далечина;
- Спречување на дискриминацијата и исклучувањето поврзани со КОВИД-19;
- Зајакнување на универзалниот пристап до колективно финансирани здравствени услуги за сите, вклучувајќи ги неосигурените работници и нивните семејства;
- Проширување на пристапот до колективно финансирано платено боледување, бенефиции во случај на болест и отсуство заради грижа за дете за да се осигури

[10] https://www.who.int/docs/default-source/coronaviruse/covid-19-sprp-unct-guidelines.pdf

сигурност на приходи за оние што се болни, во карантин или се грижат за деца, повозрасни лица или други членови на семејството.

**Стимулирање на економијата и побарувачката на работна сила** преку економски и политики за вработување за стабилизирање на економската активност.

- Активни фискални политики, особено мерки за социјална заштита, вклучувајќи наменски трансфери и автоматски стабилизатори, како што се осигурувањето во случај на невработеност, заедно со јавните инвестиции и даночното ослободување за оние кои заработуваат пониски приходи и макро, малите и средните претпријатија (ММСП);
- Приспособлива монетарна политика (намалувања на каматни стапки, релаксирање на стапката за задолжителни резерви, обезбедување ликвидност);
- Наменски заеми и финансиска поддршка за одредени сектори за зашита на претпријатијата, особено ММСП. Инвестирањето во здравствениот систем е од суштинско значење за градење отпорност против КОВИД-19, а исто така, нуди можност за креирање достоинствени работни места.

**Заштита на вработувањето и приходите** за претпријатијата и работниците што се негативно засегнати од индиректни влијанија (затворање фабрики, прекин на синџирот на снабдување, забрани за патување, одложување јавни настани, итн.)

- Социјална заштита преку постојните шеми и/или ад хок исплати за работници, вклучувајќи ги неформалните, привремено вработените, сезонските работници и работниците-мигранти, како и самовработените (на пример, преку пристап до осигурување во случај на невработеност, социјална помош, и јавни програми за вработување);
- Шеми за задржување на вработувањето, вклучувајќи аранжмани за работа со скратено работно време/делумно осигурување во случај на невработеност и друга поддршка за претпријатијата поврзана со време, како што се субвенции за плата [и *привремено* намалување на персоналниот данок на плата/ослободување од плаќање придонеси за социјално осигурување], обезбедување платено отсуство и проширување на постојните права на работниците, како и отсуство за обука, грантови и поврзани шеми;
- Временски врзано финансиско/даночно ослободување и мерки за нивелирање на приходите за да се осигури континуитетот на деловното работење, особено на ММСП и самовработените (на пример, субвенции, кредитно посредување/рефинансирање за надминување на проблемите со ликвидноста).

# 4. Земјите во акција: Како реагираат земјите?

**Земјите веќе реагираат.** Во текот на почетната фаза на епидемијата на КОВИД-19, голем број држави спроведоа одлучни мерки за спречување на ширењето на болеста, во исто време ублажувајќи го нејзиното погубно влијание врз економијата и пазарот на труд низ трите столба на политики: заштита на работниците на работното место, стимулирање на економијата и побарувачката на работна сила и поддршка на вработувањето и приходот (Табела 3).[11]

[11] Мерките на политиките брзо еволуира и списокот на акции редовно ќе се ажурира.

**Табела 3: Избрани примери на мерки како одговор на КОВИД-19**

| | |
|---|---|
| **Заштита на работниците на работното место** | **Работни аранжмани, вклучувајќи ги и телекомуникациите:**<br><br>Во многу земји се воведува **работа од далечина** и **флексибилно работно време** на национално ниво или на ниво на работно место. За да се промовира работата од далечина, во Италија и Јапонија се користи финансиска поддршка и поедноставни процедури.<br><br>**Проширен пристап до платено отсуство:**<br><br>Во многу земји достапно е **платено боледување** за работници кои не се чувствуваат добро или се во карантин. Во Кина, владата наложи дека им се исплатат плати на работниците кои не се во можност да работат заради карантин или болест. Ирска, Сингапур и Јужна Кореја им одобрија боледување на самовработените, додека во Велика Британија, ќе се обезбеди законско платено отсуство за лицата кои се дијагностицирани или кои се во самоизолација, што се исплаќа уште од првиот ден, наместо од четвртиот.<br><br>**Совети за безбедност и здравје при работа (БЗР):**<br><br>**Совети за мерки за БЗР на работното место** мерки и одговори на прашањата на работодавачите и на работниците се достапни преку телефонска линија, посебни веб-страници и дистрибуирање на информативни материјали. Јапонската бизнис федерација (Keidanren) достави до компаниите-членки прашалник за мерките на работното место што се преземени за да се спречи ширењето на КОВИД-19, додека Јапонскиот сојуз на синдикатите (JTUC-RENGO) отвори специјализирани телефонски линии.<br><br>**Спречување на дискриминација и исклучување:**<br><br>**Стигматизацијата, дискриминацијата и исклучувањето** се решаваат на различни начини во многу земји. Во Јапонија, каде што здравствените работници пријавија вознемирување поврзано со КОВИД-19, Министерството за правда воспостави веб-страница со линкови до телефонски линии за помош во случај на малтретирање и вознемирување. |

| | |
|---|---|
| | **Други мерки:**<br><br>Другите заштитни мерки вклучуваат **грижа за децата за родителите што работат во речиси сите земји каде училиштата и градинките се затворени.**<br><br>Во Јапонија, JTUC-RENGO го олеснува пристапот до центрите за грижа за деца по завршувањето на училиштето како поддршка за родителите што работат, а се соочуваат со затворање на училиштата, додека поддршка беше најавена и за претпријатија чии вработени треба да ангажираат негуватели на деца.<br>Во Италија, се обезбедуваат ваучери за оваа намена како алтернатива за отсуството во услови на затворени училишта и градинки. Во некои области на Германија, властите нудат ресурси за луѓе кои нудат ад хок грижа за деца. |
| **Стимулирање на економијата и побарувачката на работна сила** | **Активна фискална политика и приспособлива монетарна политика:**<br><br>Централните банки во Австралија, Канада, Нов Зеланд, Обединетото Кралство и САД ги намалија **каматните стапки**.<br>Владата на Јужна Кореја најави специјален Пакет за поддршка со буџет од 20 билиони јужнокорејски вони во 2020 година<br>Италија воведе даночни паузи и ослободување од плаќање придонеси за социјално осигурување, како и продолжување на роковите за отплата на хипотеки.<br><br>**Кредитирање и финансиска поддршка на одредени сектори, вклучително и здравствениот сектор:**<br><br>**Финансиска поддршка за одредени сектори** беше најавена во многу земји. Во Кина, владата формираше кредитен инструмент во вредност од 300 милијарди јуани за субвенционирање na производители на маски и на други производи поврзани со здравјето. Во Велика Британија, издвоени се 5 милијарди фунти за Националната здравствена служба (NHS), додека во Ирска, владата издвои 435 милиони евра за Јавната здравствена служба.<br>Во Јужна Кореја, туризмот и другите сектори што се негативно засегнати се идентификувани да бидат корисници на зголемени субвенции и подолги периоди на поддршка. Франција и Германија објавија широк пристап за поддршка на сите сектори што се погодени.<br><br>Германија објави „неограничена“ поддршка за претпријатијата. |
| **Поддршка за вработувањето и за приходи** | **Аранжмани за намалување на работата и за надоместоци:**<br><br>**Платеното намалување на работното време / делумното осигурување во случај на невработеност**, за надоместување на работниците за часовите што не ги одработиле, се проширува и/или се поедноставува во Франција, Германија (Kurzarbeit), Италија и Холандија.<br><br>**Задржувањето на вработувањето** исто така се гарантира/промовира преку други средства. Во Кина, владата издаде соопштение за да се осигури дека |

договорите на работниците-мигранти нема да се прекинат во случај на болест или мерки за спречување на ширењето на болеста.

**Осигурувањето во случај на невработеност** е проширено во многу земји.

Во Филипините, Шемата за социјално осигурување (SSS) е подготвена да плати бенефиции за невработеност за околу 30.000 до 60.000 работници за кои се предвидува дека ќе ги загубат своите работни места по евентуалното отпуштање од работа или прекинување на деловните активности.

**Социјалната помош** или други форми на парични трансфери се користат за да се зајакне безбедноста на приходите и да се поттикне агрегатната побарувачка. Во Хонг Конг, Кина, возрасните жители ќе добијат еднократен паричен трансфер во вредност од 1.280 американски долари, што се очекува да ја зајакне економијата за 1%.

**Финансиско / даночно олеснување (вклучувајќи ги и ММСП):**

**Финансиска поддршка и даночно ослободување** се воведуваат во голем број земји. Велика Британија воведе гарантен систем за 80% од вредноста на заемот за малите и средни претпријатија за заеми и пречекорувања и ќе обезбеди дополнително финансирање од 2,2 милијарди фунти за локалните власти за поддршка на малите бизниси. Во Јужна Кореја се најавува паузирање на ДДВ за претпријатија што заработуваат 60 милиони јужнокорејски вони или помалку годишно, како и проширување на Специјалната финансиска поддршка за малите трговци и малите и средни претпријатија. Во Франција, мерките за даночно ослободување им овозможуваат на сите компании да ја одложат исплатата на придонесите и давачките што треба да се платат во март 2020 година„без никакво образложение, формалности или казни“. Погодените компании исто така може да го искористат одложувањето на плаќањето на социјалните или даночните рати, па дури и даночни попусти во екстремни или најтешки ситуации.

Иако овие мерки без сомнение ќе помогнат да се запре пандемијата, да се одговори на итните потреби што таа ги создаде и да се отвори патот до постепено закрепнување, сепак, јасно е дека треба да се направи повеќе. Минатите кризи и искуствата на земјите, кои реагираа предоцна во контекст на тековната криза предизвикана од КОВИД-19, покажуваат дека подготвеноста и раното дејствување се клучни.

## Прилог I: Процена на влијанието на КОВИД-19 врз светот на работата

МОТ активно поддржува серија економетриски модели што се користат за да се направат процени на показателите на пазарот на трудот и годините за кои нема достапни податоци за земјите. Целта на процената на показателите на пазарот на трудот за земјите за кои недостасуваат податоци е да се добие балансиран податочен сет, така што секоја година може да се пресметуваат регионални и глобални агрегати со доследно покривање на земјата. Тие му овозможуваат на МОТ да ги анализира глобалните и регионалните процени на клучните показатели на пазарот на трудот и поврзаните трендови.

Врз основа на достапната анализа на влијанието на КОВИД-19 врз економскиот раст (БДП), може да се истражат голем број на сценарија за да се добие веродостоен опсег за влијанието на вирусот врз (не)вработеноста. Економските процени користени во моделирањето на влијанието врз пазарот на трудот на МОТ се добиени од Мекибин и Фернандо (2020)[12] кои спроведуваат низа шокови на понудата и побарувачката во глобален хибриден DSGE/CGE модел, со претпоставка дека на текот на годината, сите земји ќе страдаат од пандемијата.[13] Оваа студија предлага три потенцијални сценарија засновани на јачината на влијанието на вирусот (ниско, средно и високо). Со користење на овие три сценарија се добиваат три групи процени на невработеноста:

- Сценарио со „ниско влијание“ каде растот на БДП паѓа за околу 2%: Глобалната невработеност би се зголемила за **5,3 милиони,** со неизвесност од 3,5 до 7 милиони.[14]
- Сценарио со „средно влијание“ каде растот на БДП паѓа за околу 4%: Глобалната невработеност би се зголемила за **13 милиони** (7,4 милиони во земјите со високи приходи), со неизвесност од 7,7 до 18,3 милиони.
- Сценарио со „високо влијание“ каде КОВИД-19 има сериозни уништувачки ефекти, намалувајќи го растот на БДП за околу 8%: Глобалната невработеност би се зголемила за **24,7 милиони**, со неизвесност што се движи од 13 до 36 милиони.

[12] McKibbin, W. and R. Fernando (2020) The Global Macroeconomic Impacts of COVID-19: Седум сценарија. https://www.brookings.edu/research/the-global-macroeconomic-impacts-of-covid-19-seven-scenarios/

[13] Авторите ги спроведуваат истите шокови во сите земји. Ефектот на растот на БДП донекаде се разликува помеѓу земјите, особено помеѓу земјите со висок и среден приход, но општо земено, јачината е слична.

[14] Оваа неизвесност произлегува од маргината на грешка навлијанието на сценариото за раст на БДП врз невработеноста.

## Прилог II: Лекции од минатото: Некои клучни научени лекции релевантни за оваа криза

**Оваа пандемија е уникатна на многу начини, но сепак има лекции што можеме да ги извлечеме од претходните економски кризи** (на пр. Глобалната финансиска криза) како и епидемиите (на пр. птичји грип и свински грип, САРС, МЕРС, ебола вирусна болест - ЕВД), кои ја истакнуваат централната улога на вработувањето, социјалната заштита и социјалниот дијалог во политиките за ублажување и закрепнување.

**Точни, постојани, навремени и транспарентни информации се неопходни не само за борба против пандемијата, туку и за намалување на неизвесноста и за зајакнување на довербата** на сите нивоа на економијата и општеството, вклучувајќи го и работното место. Падот на, или недостигот на доверба, влијае на потрошувачката и на деловните инвестиции, предизвикувајќи економски застој и го отежнува закрепнувањето.

**Работните места се ефективни фокални точки за ширење на информации, комуникација и сензибилизација на безбедноста и здравјето при работа, вклучувајќи ги превентивните и заштитните мерки** за намалување на ширењето на заразни болести. Ова, пак, помага да се намали социјалното и економското влијание на ваквите болести, вклучувајќи ја заштитата на работните места, особено во најпогодените сектори. Работниците и работодавачите можат да работат заедно за да се залагаат за превенција, подигање на свеста и градење на капацитетите на нивните членови и спроведување на практики за безбедност и здравје на работното место, во согласност со релевантните Меѓународни стандарди за трудот.

**Големите интервенции, наместо парцијални пристапи, прават разлика**, особено кога се потпомогнати со максимални ресурси (на пример, проактивна фискална политика) и иновативни решенија за политики (на пример, нови и разни видови програми за парични трансфери за целните групи). Ова е клучно за да се одржи животниот стандард на погоденото население и да се поттикне закрепнување водено од побарувачката.

**Конкретните сегменти од работната сила што се најсилно погодени бараат посебно внимание**. Како што беше забележано за време на Големата рецесија, на младите и на лицата над 55-годишна возраст најчесто им е потребна поголема поддршка за повторно добивање на нивниот статус на вработеност.[15] Како што научивме од кризата со вирусот на ебола, при здравствени итни случаи некои групи се особено ранливи (на пример, здравствените работници и жените, поради нивната улога на даватели на нега).

**Фокусот врз вработувањето, вклучувајќи го самовработувањето, е од суштинско значење** за олеснување на процесот на закрепнување. Досегашните реакции на

[15] Lee, A and Cho, J (2016) "The impact of epidemics on labor market: identifying victims of the Middle East Respiratory Syndrome in the Korean labor market" in International Journal Equity Health. 2016

здравствените вонредни состојби и природни непогоди покажаа дека инвестициите во зголемено вработување во здравството и водостопанството, санитетските услови и хигиената, инфраструктурата и услугите се значајно средство за итно создавање работни места во кризи. Политиките што го поддржуваат развојот на вештини и претприемништвото го ублажуваат влијанието на невработеноста.

**Системите за социјална заштита и јавните инфраструктури за социјални услуги ја зголемуваат отпорноста**, овозможувајќи им на друштвата да се справат со итни случаи за кратко време и да го ублажат влијанието на можните идни кризи. Ефективните и ефикасните системи за социјално осигурување се моќни економски и социјални стабилизатори на економиите и општествата, особено ако тие се веќе воспоставени уште пред да настапи криза. Улогата на социјалната заштита што ја поддржува агрегатната побарувачка во време на криза е широко признаена. Епидемијата на ебола во делови од Западна Африка покажа дека недостатокот на мерки за социјална заштита во контекст на здравствените епидемии ја влошува сиромаштијата, невработеноста и неформалноста, што доведува до „магичен круг“ на уште поголема фрагилност.

**Подготвеноста на сите нивоа е од суштинско значење за да се ублажат влијанијата и да се зголеми отпорноста**, заштитувајќи ги работните места, претпријатијата и егзистенцијата**.** Од научените лекции од претходните епидемии**,** се покажа дека планирањето на континуитетот на деловното работење помага да се навигира неизвесната иднина и да се унапреди одржливоста на претпријатијата преку идентификување и управување со ризиците; разбирање на приоритетите на бизнисите, клучните производи и услуги; утврдување план за брз одговор; и преземање дејства за минимизирање на застојот и да се осигури дека работните места и работниците се заштитени и подготвени.

**Конструктивниот и постојаниот социјален дијалог меѓу владите и социјалните партнери имаат суштинска улога** во изготвувањето делотворни мерки на ниво на претпријатие, како и на секторско и макроекономски ниво, како што покажаа историските економски кризи. Владите ниту можат да се справат со причините и последиците од кризата, ниту пак да обезбедат социјална стабилност и закрепнување преку еднострано дејствување. Социјалниот дијалог е незаменлива алатка за балансирано управување со кризи и забрзување на закрепнувањето, како и основен инструмент за управување во однос на промените. Потврдените канали на комуникација и континуираниот дијалог со владата се клучни за да им се овозможи на организациите на работниците и работодавачите да управуваат со преструктуирањето на претпријатијата на одржлив начин и зачувувањето на работните места.